# ПЕСНИ НА ДУШАТА

Шри Чинмој

Наслов на оригиналот:
“Songs of the Soul” by Sri Chinmoy
Copyright © 1971 by Sri Chinmoy

Сите права за ова издание се заштитени. Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени и електронски медиуми или за друг вид јавна употреба или изведба без согласност на издавачот.

Издавач: Шри Чинмој Центар – Скопје
Наслов: „Песни на душата“
Автор: Шри Чинмој

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

239.6-29

ЧИНМОЈ, Шри
Песни на душата / Шри Чинмој ; - Скопје : Шри Чинмој центар, 2019. - 82, [5] стр. : слика на авторот ; 21 см

Превод на делото: Songs of the Soul / by Sri Chinmoy. - За авторот: стр. [85-87]

ISBN 978-608-4894-14-8

COBISS.MK-ID 111597066

## СОДРЖИНА

Обесмртениот човек ........................................ 7
Волја ........................................................ 9
Мојата душа ................................................ 11
Моето тело .................................................. 13
Мојот витал .................................................. 15
Мојот ум ..................................................... 17
Моето срце .................................................. 19
Човек и Бог .................................................. 21
Војна и мир .................................................. 23
Мојата човечка гордост и мојата
божествена гордост ........................................ 25
Мојата тишина .............................................. 27
Мојата љубов од светлина ............................. 29
Саможртвување ............................................. 31
Љубов, посветеност, предаденост ................. 33
Постоеја времиња ......................................... 34
Јас прифатен од Бог и Бог
прифатен од мене ......................................... 36
Божјата Волја и мојата волја ........................ 38
Јас и мое ...................................................... 40
Трпение ....................................................... 42

Радост ........................................................ 44
Чувство ........................................................ 46
Дали светот е илузија? ........................................ 48
Бог ми го даде, но јас ги изгубив ............................ 49
Мојата молитва ................................................ 50
Духовност ...................................................... 52
Духовноста и науката .......................................... 54
Мајката земја и нејзиниот син ................................ 56
Што прави мојот Господ? ...................................... 57
Овде ............................................................ 58
Сега ............................................................ 59
Бог е мое лично искуство ..................................... 60
Се молев ....................................................... 61
Мојот ослободител и мојот преобразител ..................... 62
Ги сакав ........................................................ 63
Твојот најдобар инструмент .................................. 64
Друг Бог, друг човек .......................................... 66
Кога заборавам, кога си спомнувам .......................... 67
Кога го откривам Бог .......................................... 68
Јас барав, тој ги фати ......................................... 69
Часовите на Божјата посета .................................. 70

Дали мојот Бог е целосен? Дали мојот Бог е совршен? Дали мојот Бог е исполнет? ............................................. 71
Дали е сè точно? ................................................ 73
Имам седум очи ........................................... 74
Мојата понизност ........................................... 75
Биди среќен ................................................. 77
Амбиција ...................................................... 79
Мојата професија ........................................... 81

# ОБЕСМРТЕНИОТ ЧОВЕК

За да го усовршиме нашиот живот, тоа што ни треба како најголема неопходност е блаженството на нашата душа. Бројните облаци од желби се природни, неопходни и неизбежни кога живееме во физичкото. Кога живееме во душата, природни, неопходни и неизбежни се постојано извивачките пламења на нашето тежнение.

Кога живееме во душата, спонтано го негуваме Бог. Неговиот Мир, Блаженство и Сила стануваат наши, апсолутно наши. Растеме во сопственото духовно совршенство. Тоа совршенство е и наше божествено наследство што се наоѓа во човечкото тело, а истовремено е и наше неземско право по раѓање дадено на земската душа.

Човечкото во нас мора да живее под закрила на душата. Божественото во нас со крилјата на душата мора да лета и лета и да одлета Отаде. На крај човечкото во нас ќе треба да се преобрази. На крај Божественото во нас ќе треба да се манифестира.

Очекуваме сѐ од Бог. И тоа е сосема разумно и е сосема во ред затоа што кој друг ако

не Тој ќе може да нè исполни на земјата и на небото? Бог е нашето Лице одвнатре; Бог е нашата Насмевка однадвор.

Бог одредува сè, во нас, низ нас и за нас. Крајно е безусловен и бескрајно себепредаден. Му служиме. Со нашето самопосветено служење, го откриваме.

Човековото постигнување е чудотворство; чудотворство врвно и без споредба.

Божјото постигнување е Венчавка на Божјото Бесконечно со Божјото конечно.

И тогаш гледаме - Откриениот Бог е обесмртен човек!

# ВОЛЈА

Волја сум самиот јас. Волја е моето Сопство. Мојата Волја е апсолутно Божја и само Божја.

Тоа што е мојата внатрешна Волја во внатрешниот свет на реализацијата, во светот на манифестацијата е мојот надворешен живот.

Ништо не е вистинито за мојот сомничав ум. Сè е вистинито за Волјата на моето срце. Да се победат моите сомнежи значи да се расте во здивот на Севишниот.

Не се плашам од моите емоции и разочарувања. Моите емоции и разочарувања живеат во мојата Богопредадена Волја. Секогаш ќе се радуваат во Неговата нескршлива Волја.

Кога мојата внатрешна Волја го полни со енергија моето надворешно постоење, сите мои неизмерни грижи и мачни болки се губат како чад и магла.

Сомнежот сака да го ослепи мојот ум.

Стравот сака да го убие моето срце.

Незнаењето сака да ја прекрие мојата душа.

Тежнението сака да го просветли мојот живот.

Предавањето сака да го исполни мојот живот.

Волјата сака да го обесмрти мојот живот.

Мојата земна Волја секогаш има почеток и крај. Мојата Небесна Волја нема ни почеток ни крај. Секогаш била и ќе биде иста. Мојата Волја е вечното Престојувалиште на Вистината, изградена на карпата на Божјата Визија на Реалноста и Божјата Реалност на Визијата.

## МОЈАТА ДУША

О Душо, јас сум твоето тело. Денес сум стар триесесет и шест години. Посакувам да учам од тебе.

„Прави добро.“

О Душо, јас сум твојот витал. Стар сум деветнаесет години. Сакам да учам од тебе.

„Биди добар.“

О Душо, јас сум твојот ум. Имам шеесет години. Ми требаш за да учам од тебе.

„Гледај добрина.“

О Душо, јас сум твоето срце. Старо сум четири години. Те молам, кажи ми ја тајната.

„Остани добро.“

О Душо, повторно јас, твоето тело. Што правиш со твојата безгранична Љубов?

„Мојата безгранична Љубов ја раздавам на хоризонтите што постојано се шират.“

О Душо моја, повторно јас, твојот витал. Што правиш со твојот Бескраен Мир?

„Со мојот Бескраен Мир ги хранам широките пространства на Минатото, Сегашноста и Иднината.“

О Душо, повторно јас, твојот ум. Што правиш со твојата Визија на постојано надмину-

вачкото Отаде?

„Со мојата Визија на постојано надминувачкото Отаде го заедрувам Златното Гнездо на Бескрајот.“

О Душо, уште еднаш јас, твоето срце. Те молам, кажи ми ја твојата апсолутна тајна.

„Живеам за Севишниот и само за Севишниот. Тоа е мојата Апсолутна Тајна.“

Извадок од „Песни на душата“
www.knigi.mk